Машински факултет
Број 02-1354/3
18.10.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018), член 53 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет за утврдување на потреба од демонстратори број 02-1354/2 од 30.09.2021 година, Деканот на Машинскиот факултет во Скопје распишува дополнителен интерен

**О Г Л А С**

за избор на демонстратор во учебната 2021/2022 година

I. 1. Се распишува оглас за избор на 1 демонстратор, како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии во учебната 2021/2022 година, **во Институт за производно инженерство и менаџмент, за предмети од областа на производно инженерство и менаџмент**:

- претприемништво и мал бизнис
- проектен менаџмент
- вовед во индустриско инженерство и менаџмент
- менаџмент

II. Кандидатите за демонстратор треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се студенти на втор циклус студии запишани на соодветната студиска програма Менаџмент на животен циклус на производ или на Индустриско инженерство и менаџмент;
- да имаат завршено прв циклус студии или додипломски студии со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да се оценети со оценка од најмалку 8,00 (осум) за значаен предмет/и од прв циклус студии (за два од наведените предмети);
- да имаат две препораки од наставници во Институт за производно инженерство и менаџмент и
- да имаат истакнато етичко поведение и однесување.

III. Демонстраторот во вршењето на наставнообразовниот процес на Факултетот ќе учествува со минимална ангажираност од 6 часови, односно максимална ангажираност од 12 часови седмично.

**IV. Документи за пријавување:**
- пријава на оглас (во пријавата задолжително да се наведе домашна адреса и број на телефон за контакт и e-mail);
- потврда за запишан втор циклус студии во учебната 2021/2022 година на соодветната студиска програма;
- уверение за завршен прв циклус студии и положени испити;
- две препораки од наставници во Институт за производно инженерство и менаџмент;
- кратка биографија (CV).

**V. Документите се предаваат во архивата на Факултетот.**

**VI. РОК за поднесување пријава и документи: 18 - 22 октомври 2021 година.**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Scanned by CamScanner